# ВОВЕД

За еден извештај на работењето да биде комплетен, покрај наративниот дел по одделенија, потребно е да се изготви и финансиски извештај заснован на законските прописи за јавните претпријатија и Статутот на ЈПКР „Услуга”.Целта на овој извештај е да се информираат органите на  претпријатието и Советот на Општина Берово за работење на претпријатието за 2024 година.

Извештаите се изготвени во согласност со Законот за трговски друштва, МСС, МСФИ и сметководствените политики на претпријатието. Финансиските извештаи треба објективно да ја презентираат финансиската состојба и финансиското работење.

За таа цел се изготвени прегледи за сите поважни економски показатели со соодветни индикатори кои ќе овозможат по реална слика за финансиското работење на ЈПКР„Услуга“ Берово.

### 1.1 Биланс на успех

| **БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2024 ГОДИНА** | | | |
|---|---|---|---|
| | **2024** | **2023** | **индекс** |
| **Приходи од работење** | **64.704.710** | **51.185.630** | **126.41** |
| Приходи од продажба | 52.707.575 | 45.084.444 | 116.91 |
| Останати приходи | 11.997.135 | 6.101.186 | 196.64 |
| **Расходи од работењето** | **65.694.790** | **56.322.342** | **116.64** |
| Трошоци за суровини и материјали | 17.918.611 | 16.855.997 | 106.30 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци, птт-услуги, закупнини,реклами,одржување на компјутери,трошоци за тековно одржување. | 974.734 | 995.779 | 97.87 |
| **Останати трошоци на работењето судски такси, регистрација на возила,адвокатски услуги,испитување на вода, трошоци за извршители,казни и пенали, и камати по решенија.** | 2.661.599 | 1.518.943 | 175.23 |
| **Трошоци за вработени** | **32.644.716** | **32.291.469** | **101.09** |
| Плати и надомести на плати | 21.772.346 | 21.466.638 | 101.42 |
| Трошоци за даноци на плати и надоместоци | 8.077.337 | 7.949.832 | 101.60 |
| Придонеси од задолжително социјално осигурување | 2.392.625 | 2.365.443 | 101.15 |
| **Останати трошоци од вработените-репрезентација,осигурување на возила, банкарски услуги** | 402.408 | 509.556 | 78.97 |
| **Амортизација на материјални средства** | **11.380.038** | **4.597.528** | **247.52** |
| **Вредносно усогласување (обезвред) теков.** | | | |
| **Останати расходи од работењето** | **115.092** | **62.626** | **183.78** |
| **Загуба пред оданочување** | **990.080** | **5.136.712** | **19.27** |
| **Добивка пред оданочување** | | | |
| **Данок од добивка** | | | |
| **Нето загуба за деловна година** | **990.080** | **5.136.712** | **19.27** |
| **Нето добивка за деловната година** | | | |
| **Просечен број на вработени** | **68** | **74** | **91.89** |

## ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД БИЛАНСОТ НА УСПЕХ

Во Билансот на успехот се прикажани промените кои настанале во претпријатието во период од една година како резултат на деловната активност на истата во тој период. Овој финансиски извештај е детален преглед на сите приходи и трошоци што ги остварило претпријатието и го прикажува крајниот резултат (добивка,загуба). Доколку приходите се поголеми од трошоците, претпријатието остварило позитивен финансиски резултат, а доколку трошоците ги надминуваат приходите во тој случај станува збор за загуба.

Појаснување на некои позиции од Билансот на успех

1. **Во приходи**

Приходи од продажба- Приходи од продажба на услуги

Останати приходи- Приходи од субвенции на општината, приходи од предлози од тужби, приходи по основ на наплатени камати. Од билансот на успехот може да се забележи дека оваа година приходите бележат голем пораст. Во овие дванаесет месеци ЈПКР "Услуга" има приход од 64.704.710 денари, односно за 13.519.081 денари повеќе од претходната година. Тоа најмногу се должи на покачување на цената за водни услуги на почетокот од годината, ажурираноста на корисниците, наплатата на стари долгови, наплатата на тужбите кои беа дадени на извршител, акцијата за дивите приклучоци низ населените места во оштината, како и ажурирањето на квадратурата на правните лица за сметот.

2. **Во трошоци**

Трошоци за суровини и материјали се: трошоците за суровини и материјали потрошени за производство, трошоци за енергија, трошоци за резервни делови.

Услуги со карактер на материјални трошоци се: поштенски услуги,трошоци за тековно одржување, телефонски услуги, услуги за одржување и огласи.

Останати трошоци на работењето – трошоци за осигурување, банкарски услуги, судски такси, адвокатски услуги, објава за јавни набавки, трошоци за членови на управен и надзорен одбор,дневници за службени патувања, трошоци за одење во пензија, трошоци за репрезентација и др.

Останати трошоци за вработени –плати и надоместоци за плати.

Останати расходи од работењето - непризнаени расходи за платени камати .

Од Билансот на успехот може да се види дека имаме зголемување и на расходите од работењето и оваа година изнесуваат 65.694.790 денари. Најголемо зголемување на расходите имаме кај трошоците за амортизацијата на средствата, пред се поради впишувањето на пречисителната станица како и филтер станицата на Беровското езеро. Исто така ни се

зголемени и расходите за суровини и материјали кои оваа година изнесуваат 17.918.611ден, но имаме зголемување и на останатите трошоци од работењето во износ од 2.661.599 денари.

Сепак и покрај големата сума на расходи, може да се забележи дека ЈПКР "Услуга" Берово во 2024 година работи со мала загуба од 990.080 денари, за разлика од минатата година кога работеше со загуба од 5.136.712 денари.

| **БИЛАНС НА СОСТОЈБА** | | | |
|---|---|---|---|
| ПОЗИЦИЈА | 2024 | 2023 | индекс |
| АКТИВА | | | |
| **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **353.942.371** | **338.888.738** | 104.44 |
| **ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | | |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **60.767.570** | **56.301.133** | **107.93** |
| Залихи | 2.027.464 | 1.808.584 | 112.10 |
| Залихи на суровини и материјали | 1.921.641 | 1.702.762 | 112.85 |
| Залихи на резервни делови,ситен инвентар | 105.822 | 105.822 | 100.00 |
| Побарувања од купувачи | 54.909.772 | 53.375.829 | **102.87** |
| Побарувања од поврзани друштва | | | |
| Побарувања од вработените | | | |
| Побарувања од други институции | | | |
| Парични средства | 3.830.334 | 1.116.720 | **343.00** |
| Платени трошоци за идни периоди | | | |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **414.709.940** | **395.189.871** | **104.94** |
| | | | |
| **ПАСИВА А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **330.140.346** | **305.268.542** | 108.15 |
| **1.ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | **358.636.852** | **332.774.969** | 107.77 |
| ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ | | | |
| РЕЗЕРВИ | | | |
| АКОМУЛИРАНА ДОБИВКА | | | |
| ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | -27.506.426 | -22.369.714 | **122.96** |
| ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА | | | |
| ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКА ГОДИНА | -990.080 | -5.136.712 | **19.27** |
| **ДОЛГОРОЧНИ И КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **66.132.787** | **60.602.557** | 109.12 |
| Обврски спрема добавувачи | 47.502.233 | 43.332.555 | **109.62** |
| Обврски за даноци | | | |
| Обврски за даноци и придонеси на плати и плати | 353.881 | 353.688 | **100.05** |
| Обврски кон вработените | 11.712.042 | 11.439.826 | **102.38** |
| Тековни даночни обврски | | | |
| Обврски по заеми и кред спре. поврз. друш. | | | |
| Останати долгорочни обврски | 6.564.632 | 5.474.814 | **119.91** |
| **ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ** | **18.436.806** | **29.318.771** | **62.88** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **414.709.940** | **395.189.871** | **104.94** |

Од билансот на состојба се гледа дека имаме пораст на активата и пасивата за 4.44 индексни поени. Во активата имаме зголемување на паричните средства за 2.713.614 денари повеќе од претходната година, како резултат на покачување на цените за водните услуги, поголема ажурност за наплата на стари долгови, но и неколку акции кои беа превземни во текот на годината, како откривање на диви приклучоци, ажурирање на податоците за сметот кај фирмите и установите и слично.

Кај пасивата имаме зголемување на обврските спрема добавувачите поради потребите за набавка на суровини за филтер станицата, набавка на поголема количина на гориво, како и потребата од набавка на поголема количина сурова вода.

### 1.1 Приходи по сектори

| *ВИД НА ПРИХОД* | *2024* | *2023* | *Индекс* |
|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | 152.532 | 0 | 100.00 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | 140.989 | 248.196 | 56.80 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | 21.286.339 | 16.746.124 | 127.11 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | 3.635.957 | 2.757.142 | 131.87 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | 12.825.048 | 5.281.125 | 242.85 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | 17.676.092 | 16.601.263 | 106.47 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | 8.937.534 | 9.551.779 | 93.57 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | 50.219 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно приходи** | **64.704.710** | **51.185.630** | **126.41** |

Сектор за општи и правни работи оваа година има остварено приход во износ од 152.532 денари. Овој приход се должи на повлечените тужби, односно приходите од обврските за тужби кои се направени при изготвувањето на тужби и сега кога се наплатени ги книжиме како приход.

Сектор за финансии и сметководство има остварено мал приход од 140.989 ден, најголем дел од приходи врз основа на камати.

Сектор за производство и дистрибуција на вода има најголемо зголемување на приходот во однос на сите други приходи, но и во однос на претходната година. Оваа година овој сектор работи со приходи од 21.286.339 денари или за 4.540.215 денари повеќе од минатата година.

Ваква голема разлика ни се појавува пред се поради зголемувањето на цената на водните услуги на почетокот од годината за правни и физички лица, разликата во потрошувачката на водата од тримесечје во тримесечје, каде најмногу вода имаме фактурирано во последното тримесечје, од периодот од месец Јули до месец Септември, акцијата која се направи со наплатата на стари долгови, како и наплата преку извршители. Исто така имаме голема разлика и во амортизацијата, бидејќи се изврши впишување на филтер станицата на Беровско езеро во основните средства.

Беше зголемена потребата и од поголем број на дефекти за кои беше извршена санација преку барања на граѓаните, каде беа поднесени 319 барања, од кои 233 барања се за поправка на дефект, промена на механизам на водомер и слично, 40 барање биле за промена на приклучок, додека на крајот на годината се реазирани 46 барања за нов приклучок.

И акцијата со откривање на дивите приклучоци исто така даде добар резултат, со што на крајот од 2024 година беа откриени 23 диви приклучоци, од кои 12 се легализирани, два се исклучени, додека другите диви приклучоци се во процес на разрешување.

Сектор канализација исто така има зголемен приход во износ од 3.635.957 денари, за 878.815 денари повеќе од 2023 година. Во овој сектор приходот ни е зголемен поради зголемувањето на цената на канализационите услуги почнувајќи од месец Февруари, барањата за нови приклучоци во канализациониот систем, каде се извршени 16 нови приклучоци како и поголемиот број на барања за чистење на оџаци за разлика од минатата година.

Кај секторот пречистување на урбани отпадни води имаме големо зголемување на приходот. Овде приходот на крајот од 2024 година ни изнесува 12.825.048 денари, односно за 7.543.923 денари повеќе од претходната година. Ова зголемување се должи од зголемената цена на пречистување на урбани одпадни води од месец Февруари, но и поради зголемената потрошувачка на пречистување на отпадните води посебно во последните три месеци (Јули, Август и Септември). Исто така најголем приход во овој сектор ни доаѓа и од субвенциите, односно амортизацијата на пречистителната станица која е впишана во нашите основни средства.

Сектор комунална хигиена и механизација има зголемување на приходот кој изнесува 17.676.092 денари, за 1.074.829 денари повеќе од 2023 година. Оваа разлика ни се појавува пред се поради акцијата со ажурирањето на податоците на 80% од правните лица за услугата собирање на смет, која почнавме да ја спроведуваме од месец Август, која досега години наназад никогаш не била ажурирана врз основа на имотни листови.

Секторот јавна чистота, пазар и гробишта има намалување на приходот за 614.245 денари на крајот од 2024 година, поради намалувањето на продажбата на гробни места, како и помалиот број на тезги на пазарот. Но, имаме и зголемување кај приходите во овој сектор, пред се од паркови и зеленило поради зголемената цена од 20 денари за секој корисник кој почна да се реализира од месец Јануари, како и од новиот реализиран договор со општината за зголемување на приходот за јавна чистота.

Сектор катастер предмер и пресметка нема остварени приходи.

Сектор заеднички служби има остварено приход од 50.219 денари поради амортизацијата на службеното возило Голф Волксваген, кое ни беше отстапено од општината од месец Февруари.

Вкупно приходите се зголемени за 13.519.080 денари повеќе од минатата година.

1.1.1 Приходи по одделенија

| СЕКТОРИ | ОДДЕЛЕНИЈА | 2024 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | Правни ресурси | 152.532 | 0 | 100.00 |
| | Човечки ресурси | 0 | 0 | 0 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | Финансии | 140.989 | 248.196 | 56.80 |
| | Наплата | 0 | 0 | 0 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | Одржување | 20.924.235 | 16.368.600 | 127.83 |
| | Водоводна мрежа | 362.104 | 377.524 | 95.91 |
| | Контрола | 0 | 0 | 0 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | Одржување на канализација | 3.635.957 | 2.757.142 | 131.87 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | Хемиска лабораторија за отпадни води | 6.055.516 | 71.261 | 8,497.66 |
| | Машинско одржување на пумпни станици за фекални води | 6.769.532 | 5.209.864 | 129.94 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | Комунална хигиена | 16.529.749 | 15.949.838 | 103.64 |
| | Механизација и возила | 1.146.343 | 651.425 | 175.97 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | Јавна чистота | 5.019.380 | 3.893.783 | 128.91 |
| | Пазар | 725.611 | 860.801 | 84.29 |
| | Градски гробишта | 3.192.543 | 4.797.195 | 66.55 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | Катастер | 0. | 0 | 0 |
| | Предмер и пресметка | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | Заеднички служби | 50.219 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно приходи** | **вкупно** | **64.704.710** | **51.185.630** | **126.41** |

**1.Сектор за правни и општи работи**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од обврски за тужби | 152.532 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **152.532** | **0** | **100.00** |

**2.Сектор за финансии и сметководство**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Останати приходи од работењето | 53.919 | 165.394 | 32.60 |
| Приходи врз основа на камати | 87.070 | 82.802 | 105.15 |
| **Вкупно:** | **140.989** | **248.196** | **56.80** |

**3.Сектор за производство и дистрибуција за вода**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од водоинсталатери | 559.568 | 74.554 | 750.55 |
| Приходи од вода-Физички лица | 16.298.601 | 13.460.453 | 121.08 |
| Приходи од вода-фирми | 2.336.640 | 2.065.542 | 113.12 |
| Приходи од вода-Установи | 726.643 | 744.016 | 97.66 |
| Приходи од субвенции | 1.199.248 | 65.401 | 1,833.68 |
| Приходи од предлози за тужби | 33.000 | 37.530 | 87.93 |
| Приходи од адвокатски услуги | 0 | 210.860 | 100.00 |
| Останати приходи од работењето | 132.639 | 87.768 | 177.29 |
| **Вкупно:** | **21.286.339** | **16.746.124** | **127.11** |

**4.Сектор канализација**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од работна рака | 495.437 | 706.429 | 70.13 |
| Приходи од канализација-Фирма | 472.658 | 348.674 | 135.56 |
| Приходи од канализација-Физички лица | 2.132.606 | 1.322.140 | 161.30 |
| Останати од канализација-Установи | 114.400 | 80.170 | 142.70 |
| Чистење на оџаци | 22.330 | 11.611 | 192.32 |
| Приходи од чистење канализација | 14.750 | 0 | 100.00 |
| Приходи од субвенции | 285.784 | 285.003 | 100.27 |
| Останати приходи од работењето | 97.992 | 3.115 | 3,145.81 |
| **Вкупно**: | **3.635.957** | **2.757.142** | **131.87** |

**5.Сектор за прочистување урбани отпадни води**

| Вид на приход | 2024 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од пречистување-физички лица | 5.768.439 | 4.395.809 | 131.23 |
| Приходи од пречистување-установи | 767.223 | 623.009 | 123.15 |
| Приходи од пречистување-фирми | 233.870 | 191.046 | 122.42 |
| Приходи од субвенции | 6.055.516 | 71.261 | 8,497.66 |
| **Вкупно:** | **12.825.048** | **5.281.125** | **242.85** |

**6.Сектор комунална хигиена и механизација**

| Вид на приход | 2024 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од смет-фирми | 3.107.907 | 2.538.083 | 122.45 |
| Приходи од смет-установи | 671.820 | 662.922 | 101.34 |
| Приходи од смет-физички лица | 9.220.200 | 9.281.921 | 99.33 |
| Приходи од користење депонија | 5.085 | 10.480 | 48.52 |
| Приходи од механизација | 691.840 | 457.564 | 151.20 |
| Приходи од смет-дуќани | 614.523 | 599.404 | 102.52 |
| Приходи од субвенции | 3.193.584 | 3.050.889 | 104.68 |
| Приходи од работна рака | 19.915 | 0 | 100.00 |
| Останати приходи од работењето | 151.218 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **17.676.092** | **16.601.263** | **106.47** |

**7.Сектор јавна чистота и зеленило,пазар и Гробишта**

| Вид на приход | 2024 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од механизација | 0 | 13.426 | 100.00 |
| Приходи од работна рака | 56.176 | 0 | 100.00 |
| Приходи од пазар-тезги | 264.170 | 288.193 | 91.66 |
| Приходи од пазар-резервации | 461.441 | 476.907 | 96.76 |
| Приходи од паркови и зеленила | 1.866.057 | 1.413.269 | 132.04 |
| Приходи од јавна чистота | 2.922.250 | 2.495.470 | 117.10 |
| Приходи од одржување на гробишта | 2.159.440 | 2.147.850 | 100.54 |
| Приходи од погребално-капела | 178.200 | 162.500 | 109.66 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на гробно место | 282.000 | 295.200 | 95.53 |
| Приходи од влез во гробишта | 93.586 | 54.000 | 173.31 |
| Приходи од изработка на цокла | 148.300 | 163.800 | 90.54 |
| Приходи од субвенции | 499.014 | 1.947.163 | 25.63 |
| Приходи од користење на депонија | 1.500 | 0 | 100.00 |
| Останати приходи од работењето | 5.400 | 94.000 | 5.74 |
| **Вкупно:** | **8.937.534** | **9.551.778** | **93.57** |

**8.Сектор за катастер,предмер и пресметка**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **индекс** |
|---|---|---|---|

**9.Сектор заеднички служби**

| **Вид на приход** | **2024** | **2023** | **индекс** |
|---|---|---|---|
| Приходи од субвенции | 50.219 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **50.219** | **0** | **100.00** |

### 1.3 Трошоци по сектори

| *ВИД НА ТРОШОК* | *2024* | *2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | 2.836.742 | 1.702.229 | 166.65 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | 3.465.604 | 3.251.744 | 106.58 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | 18.493.437 | 16.075.690 | 115.04 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | 2.624.191 | 2.504.699 | 104.77 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | 11.842.678 | 5.493.094 | 215.59 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | 13.355.091 | 13.464.359 | 99.19 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | 10.967.679 | 11.762.497 | 93.24 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | 2.109.368 | 2.068.029 | 101.99 |
| **Вкупно трошок** | **65.694.790** | **56.322.342** | **116.64** |

Трошоците за општи и правни работи за 2024 год, изнесуваат 2.836.742 денари, односно трошокот за разлика од претходната година ни е зголемен за 1.134.513 денари. Тоа се должи пред се со зголемениот трошок за покачувањето на платата според колективниот договор, поголем трошок за судски такси, но исто така во 2024 година имаме и трошоци за извршители за наплата на извршни налози во износ од 1.104.570 денари.

Трошоци за финансии и сметководство изнесуваат 3.465.604 ден и трошоците ни се со минимално зголемување од 213.860 денари. Највеќе во 2024 година е потрошено на платите за вработените преку агенција, за огласи, како и за банкарските услуги, односо провизиите, како и трошоците за надомест на управниот и надзорен одбор

Трошоци за производство и дистрибуција на вода за разлика од претходната година ни се зголемени за 2.417.747 денари, односно во 2024 година овој сектор работи со расходи од 18.493.437 денари. Овие големи трошоци се како резултат на зголемување на амортизацијата поради впишувањето на филтер станицата на Беровското езеро, зголемувањето на цената на реагенси, потребата од набавка на поголема количина сурова вода, како и платите за времено вработени.

Во овој сектор исто така е прокнижен и трошокот за регресот за сите вработени во претпријатието, но и поголемите трошоци за испитување на водата посебно во последното тримесечје пред се поради појавувањето на хемискиот елемент манган во водата.

Сектор канализација има минимално зголемување на трошоците за само 119.492 денари, со зголемување на трошоците за покачувањето на платата според колективниот договор согласно закон.

Најголемо зголемување на трошоците имаме кај секторот за пречистување на урбани отпадни води за 6.349.584 денари, односно оваа година трошоците во овој сектор изнесуваат 11.842.678 денари. Најголем фактор за ова зголемување е поради зголемувањето на амортизацијата за пречистителната станица која ни е отстапена на трајно користење од страна на општината, платата за вработени и времено вработените преку агенција, како и трошоците за електрична енергија.

Комунална хигиена и механизација има трошок од 13.355.091 денари, и овде имаме мало намалување од 109.268 денари повеќе од претходната година. Ова намалување се должи на трошоците за плати на вработените како и на времено вработените преку агенција, како и трошоците за услугите за одржување и заштита.

Трошоците за јавна чистота, пазар и гробишта ни се намалени за 795.268 денари, и оваа година изнесуваат 10.967.679 денари, а причина за ова намалување се помалите трошоци за гориво, и помали трошоци за плата за разлика од минатата година, бидејќи имавме поголем број на пензионери од овој сектор, но исто така и имаме и помали трошоци за набавка на суровини и материјали.

Катастер премер и пресметка немаме остварено трошоци.

Трошокот за заеднички служби изнесува 2.109.368 денари, односно е зголемен за 41.339 денари пред се поради амортизацијата која се врши за службеното возилото Голф Волксваген.

Не можеме да кажеме дека оваа споредба е точна затоа што имаме и прераспределба на работниците по секторите, а трошоците за вработените зафаќаат најголем процент од вкупните трошоци во секторите.

Вкупните трошоци за 2024 година ни се зголемени за 9.372.448 денари, односно оваа година работиме со расходи од 65.694.790 денари. Но, ова зголемување на вкупните трошоци доаѓа пред се од исплатата на регресот за годишен одмор за 2023 година, и ваков регрес вработените во ЈПКР "Услуга" досега не добивале иако по закон и колективен договор ги

следува за секоја година. Исто така беше направен и систематски преглед на сите вработени во претпријатието после долги години.

1.3.1 Трошоци по одделенија

| СЕКТОРИ | ОДДЕЛЕНИЈА | 2024 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | Правни ресурси | 1.878.158 | 812.112 | 231.27 |
| | Човечки ресурси | 958.584 | 890.117 | 107.69 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | Финансии | 2.313.293 | 2.257.197 | 102.48 |
| | Наплата | 1.152.311 | 994.547 | 115.86 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | Одржување | 12.483.197 | 10.421.051 | 119.79 |
| | Водоводна мрежа | 3.664.916 | 3.148.759 | 116.39 |
| | Контрола | 2.345.323 | 2.505.880 | 133.49 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | Одржување на канализација | 2.624.191 | 2.504.699 | 104.77 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | Хемиска лабораторија за отпадни води | 9.703.811 | 3.533.544 | 274.62 |
| | Машинско одржување на пумпни станици за фекални води | 2.138.867 | 1.959.550 | 109.15 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | Комунална хигиена | 9.557.530 | 9.309.757 | 102.66 |
| | Механизација и возила | 3.797.561 | 4.154.603 | 91.41 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | Јавна чистота | 8.303.423 | 8.749.364 | 94.90 |
| | Пазар | 577.597 | 749.555 | 77.05 |
| | Градски гробишта | 2.086.659 | 2.263.578 | 92.18 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | Катастер | 0 | 0 | 0 |
| | Предмер и пресметка | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | Заеднички служби | 2.109.368 | 2.068.029 | 101.99 |
| **Вкупно приходи** | **вкупно** | **65.694.790** | **56.322.342** | **116.64** |

**1.Сектор за правни и општи работи**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 34.049 | 61.095 | 55.73 |
| Трошоци за стручна литература | 5.932 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за семинари | 3.695 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за огласи | 0 | 13.800 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 1.522.828 | 1.394.875 | 109.17 |
| Трошоци за амортизација | 8.594 | 12.090 | 71.08 |
| Трошоци за судски такси | 14.987 | 480 | 3122.29 |
| Трошоци за службен весник | 51.292 | 48.051 | 106.74 |
| Трошоци за адвокатски услуги | 66.517 | 156.638 | 42.46 |
| Трошоци за објава на јавни набавки | 24.278 | 13.200 | 18.392 |
| Трошоци за извршители | 1.104.570 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **2.836.742** | **1.702.229** | **166.65** |

**2.Сектор за финансии и сметководство**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 113.736 | 104.526 | 108.81 |
| Трошоци за времено вработени | 369.777 | 290.668 | 127.22 |
| Трошоци за електрична енергија | 104.197 | 136.698 | 76.22 |
| Трошоци за дрва | 60.186 | 111.570 | 53.94 |
| Трошоци за стручна литература | 14.771 | 12.371 | 119.40 |
| Поштенски услуги,телефонски услуги и интернет | 32.619 | 41.892 | 77.86 |
| Услуги за одржување и заштита | 85.473 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за објава на огласи | 26.598 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за одржување на компјутери | 179.400 | 95.330 | 188.19 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 2.026.318 | 2.095.746 | 96.68 |
| Трошоци за амортизација | 1.528 | 0 | 100.00 |
| Дневници за службено патување | 1.590 | 220 | 772.72 |
| Трошоци за семинари | 8.600 | 10.000 | 86.00 |
| Трошоци за отпремнина за пензија | 45.816 | 95.000 | 48.22 |
| Трошоци за надоместок за УО и НО | 110.772 | 53.328 | 207.72 |
| Банкарски услуги и платен промет | 268.407 | 170.738 | 157.20 |
| Останати трошоци на работењето(заокружување) | 5.150 | 4.309 | 119.51 |
| Трошоци за централен регистар и токени | 0 | 16.595 | 100.00 |
| Останати трошоци од работењето | 9.801 | 12.753 | 76.85 |
| Расход за камати за невремено платени ј.давачки | 865 | 0 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **3.465.323** | **3.251.744** | **106.57** |

**3.Сектор за производство и дистрибуција за вода**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 843.981 | 1.069.741 | 78.90 |
| Трошоци за реагенси | 1.035.445 | 661.119 | 156.62 |
| Трошоци за сурова вода | 4.015.979 | 3.575.880 | 112.30 |
| Трошоци за времено вработени | 992.962 | 261.720 | 379.39 |
| Трошоци за моторно масло | 30.904 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за електрична енергија | 1.494.529 | 1.215.524 | 122.95 |
| Трошоци за гориво | 576.828 | 561.696 | 102.69 |
| Трошоци за дрва | 58.070 | 28.401 | 204.46 |
| Поштенски услуги,тел.услуги и интернат | 136.484 | 114.662 | 119.03 |
| Трошоци за тековно одржување | 12.508 | 0 | 100.00 |
| Други трошоци | 15.000 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за РКЕ | 18.632 | 24.030 | 77.53 |
| Услуги за одржување и заштита | 0 | 60.750 | 100.00 |
| Трошоци за огласи | 0 | 46.908 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 6.752.099 | 7.151.058 | 94.42 |
| Регрес за годишен одмор | 319.968 | 243.309 | 131.51 |
| Трошоци за амортизација | 1.314.073 | 218.443 | 601.56 |
| Трошоци за преглед на работници | 124.900 | 47.000 | 256.74 |
| Трошоци за осигурување | 24.058 | 12.871 | 186.91 |
| Трошоци за отпремнина за пензија | 31.556 | 128.574 | 24.54 |
| Судски такси | 7.262 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за испитување на вода | 426.737 | 416.700 | 102.41 |
| Трошоци за адвокатски услуги | 135.126 | 157.526 | 85.78 |
| Трошоци за АДКОМ | 54.960 | 54.960 | 100.00 |
| Регистрација на возила | 16.950 | 7.613 | 222.65 |
| Останати трошоци од работењето | 54.426 | 17.205 | 316.33 |
| **Вкупно:** | **18.493.437** | **16.075.690** | **115.04** |

**4.Сектор канализација**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 44.282 | 106.836 | 41.45 |
| Трошоци за времено вработени | 30.650 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за гориво | 115.555 | 122.380 | 94.42 |
| Други расходи | 15.000 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 2.026.670 | 1.800.124 | 112.58 |
| Амортизација | 327.034 | 469.117 | 69.71 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трошоци за извршител | 15.000 | 0 | 100.00 |
| Останати расходи од работењето | 50.000 | 6.242 | 801.02 |
| **Вкупно**: | **2.624.191** | **2.504.699** | **104.77** |

**5.Сектор за прочистување урбани отпадни води**

| **Вид на трошок** | **2024** | **2023** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 124.765 | 240.529 | 51.87 |
| Трошоци за електрична енергија | 2.012.757 | 1.859.156 | 108.26 |
| Трошоци за дрва | 0 | 16.706 | 100.00 |
| Поштенски услуги,телефон и интернет | 7.990 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за тековно одржување | 16.400 | 260.712 | 6.29 |
| Други расходи | 15.000 | 0 | 100.00 |
| Огласи | 7.000 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 3.073.529 | 2.838.897 | 108.26 |
| Трошоци за времено вработени | 413.088 | 106.845 | 386.62 |
| Амортизација | 6.067.522 | 83.234 | 7289.71 |
| Трошоци за осигурување | 9.428 | 0 | 100.00 |
| Дневници за службено патување | 0 | 900 | 100.00 |
| Трошоци за испитување на вода | 35.200 | 32.541 | 108.17 |
| Останати расходи од работењето | 59.999 | 53.574 | 111.99 |
| **Вкупно:** | **11.842.678** | **5.493.094** | **215.59** |

**6.Сектор комунална хигиена и механизација**

| **Вид на трошоци** | **2024** | **2023** | **индекс** |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 1.208.553 | 1.978.750 | 61.07 |
| Трошоци за времено вработени | 306.776 | 44.444 | 690.25 |
| Трошоци за гориво | 1.188.356 | 1.343.599 | 88.44 |
| Поштенски услуги | 99.505 | 156.850 | 63.44 |
| Трошоци за дрва | 0 | 35.570 | 100.00 |
| Трошоци за тековно одржување | 53.175 | 58.645 | 90.67 |
| Услуги за одржување и заштита | 118.649 | 76.950 | 154.19 |
| Останати услуги | 19.925 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 7.405.494 | 6.680.688 | 110.85 |
| Амортизација | 2.867.494 | 2.861.555 | 100.20 |
| Дневници за службено патување | 0 | 1.000 | 100.00 |
| Опремнина за пензија | 0 | 50.418 | 100.00 |
| Судски такси | 2.760 | 2.560 | 107.81 |
| Трошоци за осигурување | 23.229 | 49.213 | 47.20 |
| Трошоци за регистрација на возила | 59.445 | 99.351 | 59.83 |
| Адвокатски услуги | 1.730 | 14.490 | 11.94 |
| Останати трошоци од работењето | 0 | 10.276 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **13.355.091** | **13.464.359** | **99.19** |

**7.Сектор јавна чистота и зеленило,пазар и гробишта**

| Вид на трошок | 2024 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 796.900 | 901.898 | 88.36 |
| Трошоци за времено вработени | 1.597.072 | 1.454.498 | 109.80 |
| Трошоци за гориво | 188.218 | 333.027 | 56.52 |
| Трошоци за дрва | 3.750 | 13.784 | 27.20 |
| Поштенски услуги,телефон и интернет | 8.010 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за тековно одржување | 25.958 | 10.000 | 259.58 |
| Останати услуги (огласи) | 31.414 | 18.960 | 165.68 |
| Трошоци за плати и надоместоци од плати | 7.385.798 | 7.887.806 | 93.64 |
| Регрес за годишен одмор | 16.579 | 0 | 100.00 |
| Амортизација | 727.729 | 936.411 | 77.71 |
| Трошоци за семинари | 30.000 | 0 | 100.00 |
| Дневници за службено патување | 0 | 1.000 | 100.00 |
| Отпремнина за пензија | 156.251 | 166.479 | 93.85 |
| Трошоци за осигурување | 0 | 1.392 | 100.00 |
| Трошоци за регистрација на возила | 0 | 15.442 | 100.00 |
| Останати расходи од работењето | 0 | 21.800 | 100.00 |
| **Вкупно:** | **10.967.679** | **11.762.497** | **93.24** |

**8.Сектор за катастер,предмер и пресметка**

| Вид на трошок | 2024 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|

**9.Сектор заеднички служби**

| Вид на трошок | 2024 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 24.521 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за плати и надоместоци за плати | 1.713.025 | 1.689.357 | 101.40 |
| Трошоци за тековно одржување | 0 | 8.260 | 100.00 |
| Трошоци за гориво | 112.022 | 113.707 | 98.52 |
| Амортизација | 66.064 | 16.675 | 396.18 |
| Трошоци за семинари | 0 | 6.000 | 100.00 |
| Трошоци за огцигурување на возила | 5.761 | 0 | 100.00 |
| Трошоци за суровини и материјали | 0 | 77.517 | 100.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поштенски услуги,телефон и интернет | 33.709 | 8.084 | 416.98 |
| Трошоци за реклама | 16.285 | 0 | 100.00 |
| Дневници за службено патување | 0 | 2.765 | 100.00 |
| Трошоци за спонзорства и донации | 0 | 8.000 | 100.00 |
| Трошоци за репрезентација | 131.786 | 131.924 | 99.89 |
| Трошоци за регистрација | 6.195 | 5.740 | 107.92 |
| **Вкупно:** | **2.109.368** | **2.068.029** | **101.99** |

### 1.4 Разлика приходи и расходи по сектори

| *СЕКТОР* | *ПРИХОДИ* | *ТРОШОК* | РАЗЛИКА |
|---|---|---|---|
| ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | 152.532 | 2.836.742 | - 2.684.210 |
| ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО | 140.989 | 3.465.604 | - 3.324.615 |
| ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА | 21.286.339 | 18.493.437 | 2.792.902 |
| СЕКТОР КАНАЛИЗАЦИЈА | 3.635.957 | 2.624.191 | 1.011.766 |
| ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ | 12.825.048 | 11.842.678 | 982.370 |
| КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗЦИЈА | 17.676.092 | 13.355.091 | 4.321.001 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАЗАР И ГРОБИШТА | 8.937.534 | 10.967.679 | - 2.030.145 |
| КАТАСТЕР ПРЕДМЕР И ПРЕСМЕТКА | 0 | 0 | 0 |
| ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ | 50.219 | 2.109.368 | - 2.059.149 |
| **ВКУПНО** | **64.704.710** | **65.694.790** | **- 990.080** |

Од табела 1.4 на најсликовит начин може да се види кои сектори работат позитивно или негативно.

Секторот за општи и правни работи е со негативна разлика од 2.684.210 ден.

Сектор за финансии и сметководство исто така е со негативна разлика од 3.324.615.

Сектор производство и дистрибуција на вода бележи голема позитивна разлика од 2.792.902 денари.

Сектор канализација ни прикажува добивка од 1.011.766 денари.

Сектор пречистување на урбани отпадни води бележи позитивна разлика од 982.370 денари.

Сектор комунална хигиена и механизација остварува најголема позитивна разлика и е со добивка од 4.321.001 денари.

Сектор јавна чистота, пазар и гробишта и оваа година бележи негативна разлика од 2.033.145 денари.

Сектор катастер предмер и пресметка нема остварено ниту приходи ниту расходи.

Сектор заеднички служби има негативна разлика од -2.059.149 денари.

Според ова може да заклучиме дека ЈПКР „Услуга" Берово во своето годишно работење искажува загуба од 990.080 денари.

**1.5 Процент на наплата**

| ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Физички лица** | 88.99 | 92.15 |
| **Дуќани** | 81.51 | 84.42 |
| **Големи Фирми** | 90.81 | 90.37 |

Од самиот извештај може да се види намалување на процентот на наплата кај физички лица за 3.16 проценти, кај дуќани исто така има намалување за 2.91 процент , додека кај големите фирми имаме мало зголемување на наплатата за 0.44 проценти.

Берово
Февруари 2025 год.

ЈПКР„Услуга"- Берово

Изготвил:
Пехчевска Адријана
__________________

Директор
Дип.маш.инг. Илија Рунтевски
______________________________